ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ПОЛИТИКА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## 1. Вовед

Целта на оваа политика е да ја пренесе заложбата на раководството кон унапредување на еднаквите можности во Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион се спротивставува на сите облици на дискриминација.

## 2. Подрачје на примена

Оваа политика се однесува на сите кои работат или кои сакаат да се вработат во Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

Со оваа политика се опфатени сите области на работење на Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

Раководителот на Центарот за развој на Скопскиот плански регион има конкретна одговорност за ефективно и доследно спроведување на оваа политика.

Секој раководител на одделение, исто така има одговорност и се очекува од секој вработен да се придржува кон политиката и да помага во градењето на работна средина, која се одликува со овозможување еднаков пристап и еднаквост.

## 3. Принципи

Наша политика е да се обезбедат еднакви можности за вработување на секој, без оглед на:

- пол
- раса
- боја на кожа
- род
- припадност на маргинализирана група
- етничка припадност
- јазик, државјанство
- социјално потекло
- религија или верско уверување
- други видови уверувања
- образование
- политичка припадност
- личен или општествен статус

- ментална и телесна попреченост
- возраст
- семејна или брачна состојба
- имотен статус
- здравствена состојба
- или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор

На сите оние кои се пријавуваат за работа, на веќе вработените, како и на останатите кои работат во Центарот за развој на Скопскиот плански регион, ќе им се овозможат еднакви можности, ќе бидат третирани на еднаков и фер начин и нема да бидат дискриминирани врз која било основа.

Одлуките за вработување, за избор, за напредување, за обука или за друго, ќе бидат направени на објективен начин и без каков било облик на дискриминација

Заложбата на Центарот за развој на Скопскиот плански регион е да:

- ✓ промовира еднаквост за сите лица,
- ✓ промовира добра и хармонична работна средина во која сите лица се третирани со почит,
- ✓ спречи појава на однесување или акт, кој ќе доведе до: директна дискриминација, индиректна дискриминација, мобинг, сексуално вознемирување, виктимизација, повеќекратна дискриминација и злоупотреба на лица,
- ✓ ги исполни сите законски обврски според законската регулатива за недискриминација и еднаквост,
- ✓ да се придржува кон политиката за еднакви можности,
- ✓ да спроведе позитивни законски постапки во соодветните случаи и
- ✓ да ги третира сите прекршувања на политиката за еднакви можности, како нерегуларност која може да доведе до покренување дисциплинска постапка.

За да ја реализира оваа политика, Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе го стори следново:

- оваа политика ќе биде јавно објавена и пренесена до сите вработени, кандидати за вработување и до сите засегнати страни,
- во описите на работните места, како и во целите и задачите на тие места, за сите вработени се вклучени конкретни и соодветни работни обврски поврзани со спроведувањето на политиката за еднакви можности,
- ќе бидат обезбедени, соодветна обука, како и курсеви за раководниот кадар,
- примена на недискриминаторски техники при селекција на кадри за вработување или кандидати за унапредување,
- информации за еднакви можности ќе бидат имплементирани во внатрешната и надворешната комуникација на Центарот (комуникацијата помеѓу одделенијата, социјалните мрежи, интерната веб-платформа),
- од сите лица и деловни партнери, кои вршат услуги за или во име на Центарот за развој на Скопскиот плански регион се очекува да ја почитуваат оваа политика и
- ќе бидат обезбедени соодветни ресурси за реализација на целите од оваа политика.

## 4. Жалби и поплаки

Секој вработен, кој смета дека бил предмет на било каква форма на дискриминација, вознемирување или прогонување, има право да покрене жалба и поплака за постоење дискриминација, во согласност со законската регулатива.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе ги преземе сите потребни чекори за да нема вознемирување на вработените, кои ќе се одлучат да поднесат жалба. Сите жалби и поплаки за постоење дискриминација ќе бидат третирани сериозно, навремено и на доверлив начин. Секоја постапка на вознемирување ќе резултира со дисциплинска процедура, која може да доведе до отказ од работното место.

## 5. Имплементација и ревидирање на Политиката за еднакви можности

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе врши годишна ревизија на овие политики за да ја рефлектира нејзината делотворност или ќе спроведе анонимна анкета на вработените и засегнатите страни и ќе преземеме соодветна акција таму каде што следењето на политиката ќе покаже дека постои недоволно учество на одредена група или групи во организацијата.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе обезбеди соодветни и погодни ресурси за спроведување на овие политики и насоки и се обврзува на навремено информирање и објавување пред вработените и засегнатите страни.

Оваа Политика е целосно поддржана од највисокото раководство и е одобрена од Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Скопје, 14.12.2020 година

**Центар за развој на**
**Скопски плански регион,**
Раководител,
М-р Љупчо-Кец Мицковски,

(потпис)